**20180110113**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јануари 2018 година.

Бр. 08-268/1
11 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Член 1

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” број 169/15, 226/15 и 55/16), во членот 232 став (2) алинејата 1 се менува и гласи:

„има возачка дозвола од категориите за кои автошколата има лиценца за давање обуки;“.

Член 2

Во членот 275 став (1) во алинејата 1 бројот „16“ се заменува со број „17“.

Член 3

Во членот 304 став (1) бројот „65“ се заменува со бројот „70“.

Во ставот (4) бројот „55“ се заменува со бројот „65“, а бројот „65“ се заменува со бројот „70“.

Член 4

Во членот 325 став (1) во алинејата 4 бројот „65“ се заменува со бројот „70“.

Член 5

Во членот 331 став (1) во точката 1) бројот „16“ се заменува со бројот „17“.

Точките 6) и 7) се бришат.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:
„(3) За оспособување за управување со моторно возило на дете, во смисла на овој закон, исклучиво се применуваат одредбите на овој член.”

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.